РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-300/5
23-09-2022
20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 300/1 од 18.05.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје преку адвокат [redacted] од Скопје против лицето [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на социјалните мрежи Фејсбук и Твитер, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 05.08.2022 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката поднесена од [redacted] Скопје преку [redacted] од Скопје против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 18.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на социјални мрежи – Facebook и Твитер, од страна на [redacted] Скопје преку адвокат [redacted] против лицето [redacted].

Во поднесената претставка, подносителот наведува дека лицето [redacted] на своите социјални мрежи Фејсбук и Твитер постирал постови со кои што сторил директна, продолжена и повторена дискриминација, врз основа на потекло, национална и етничка припадност кон граѓаните на Р.С. Македонија со бугарско национално самосознание.

Врз основа на член 24 став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 23.05.2022 година испрати Барање за произнесување по наводите содржани во претставката до лицето [redacted] завередо, под бр.0801-300/2.

На 30.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, пристигна поштенска коресподенција заверена под архивски број 08-300/3, во која е наведено дека лицет кое е посочено како потенцијален дискриминатор, не живее на наведената адреса во претставката. Дополнително, Комисијата се обрати до лицето [redacted] на контакт


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

бројот кој што беше наведен во претставката, но при телефонскиот разговор беше утврдено дека бројот не припаѓа на лицето [redacted]

Согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи дека доколку претставката не ги содржи потребните елементи, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дека од приемот на барањето. Комисијата на 29.07.2022 година испрати Барање за доуредување до подносителот на претставка заверено под архивски број 0801-300/4 и го задолжи претставката да ја доуреди во рок од осум дена, во насока што ќе ја наведе адресата на потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката.

Согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Бидејќи подносителот на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација му посочува на подносителот во иднина да ги обезбеди сите потребни податоци за постапување по предметите, кои се задолжителни согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Исто така, доколку во иднина биде обезбедена адресата на потенцијалниот дискриминатор - релевантна за постапување по претставката, може повторно да поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
05.08.2022 година

Претседател
Кире Василев

Доставено до:

- [redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk